# Билтен на ИОРРСМ

ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РСМ

## За периодот април – јуни 2026 година

септември, 2026 година

## СОДРЖИНА

1. Резиме
2. Активности на телата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)
   а) Собрание
   б) Управен одбор
   в) Надзорен одбор
   г) Комисија за образование, обука и публикации
   д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор
   ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори
   е) Комисија за контрола на квалитетот
   ж) Комисија за стандарди за ревизија
   з) Дисциплинска комисија
3. Судски постапки

## 1. РЕЗИМЕ

Во периодот април – јуни 2026 година, беа усвоени следните:

- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2025 година.
- ✓ Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2025 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2025 година.
- ✓ Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2026 година.
- ✓ Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2026 година.
- ✓ Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2026-2028 година.
- ✓ Финансиски план на ИОРРСМ за 2026 година.
- ✓ Одлуки за одобрување на Препораки за зачленување во ИОРРСМ на овластени ревизори: Ивана Денковска, Христина Ѓорѓиевска, Владимир Аврамоски.
- ✓ Одлука за поведување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ, овластен ревизор.
- ✓ Одлука за одобрување на Препорака за зачленување на Трговец поединец за ревизија, Данче Благоја Зографска ЕЛИТ РЕВИЗИЈА ТП Скопје.

На 28.04.2026 година СУНРРСМ даде согласност на Годишен извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за 2025 година.

На 14.05.2026 година СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2026 година и на Тригодишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2026-2028 година.

## НАСТАНИ, ИСПИТ И СОСТАНОЦИ

Од 15 јуни до 03 јули 2026 година беше одржана испитната сесија јуни/јули 2026 година, кога беше спроведен испитот за стекнување звање ревизор.




На 22.04.2026 година, претставник на стручната служба на ИОРРСМ, Мартина Галовска и претседателот на СУНРРСМ со претставници на стручната служба на СУНРРСМ присуствуваа на настан – отворен ден при Универзитетот Гоце Делчев во Штип каде што ја промовираа ревизорската професија пред студентите и други заинтересирани лица.

На 23.04.2026 година, претставникот на стручната служба Калина Велковска, присуствуваше на состанок на работна група за спречување перење пари и финасирање тероризам, при Управата за финансиско разузнавање заради активности поврзани со подготовка на Национална проценка за ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

На 05.05.2026 година, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска преку видео конференциска врска присуствуваше на *Global Webinar: Revised Statements of Membership Obligations* каде што претставниците на IFAC Bruce Vivian (Head of education, member monitoring and development) и Dana Jensen (Head of membership monitoring) ги запознаа телата членки за измените во поглед на обврските за членството, и ги запознаа со насоките во кои што ќе се движат промените за да се обезбеди соодветно исполнување на истите од страна на телата членки на IFAC.

На 05.05.2026 година, во просториите на ИОРРСМ, се одржа состанок со Јелена Мисита (Chair of the IFAC PAO Development & Advisory Group) и Весна Прентоска, претседател на ИСОС. На состанокот од страна на ИОРРСМ присуствуваа претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар Татјана Тодоровска. На состанокот беше дискутирано за теми од заеднички интерес на ревизорската и сметководствената професија. Дополнително беше дискутиран статусот на воспоставување активности на ИСОС (ипит, контрола на квалитет и друго), како и можноста за поддршка од страна ИОРРСМ кон ИСОС.




На 06.05.2026 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и членовите на Управниот одбор на ИОРРСМ Александра Кузмановска и Владимир Соколовски, на покана на ИСОС, присуствуваа на Трета регионална конференција на сметководители и овластени сметководители со наслов *Генерација со визија – Професија со иднина* која што се одржа во хотел Александра палас, Скопје. На настанот беше предвидено да се обединат сметководители, финансиски експерти како и бизнис секторот со цел дискусија за актуелни теми поврзани со развојот на сметководствената професија, регулаторни предизвици и улогата на новите технологии во финансиското известување.

Во периодот од 6-8 мај 2026 година, заменик – претседателот на ИОРРСМ Јане Иванов и Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ и координатор за соработка со професионални тела и образовни институции, учествуваа на QAN Workshop во рамки на QAN (Quality Assurance Network) во Лисабон, Португалија, организиран од страна на Португалскиот институт OROC со поддршка на ICAEW. На настанот беа обработувани теми како: предизвици во контролата на квалитет кај ревизиите на ентитети кои што не се од јавен интерес, употреба на технологија и вештачката интелигенција во ревизијата, прашања поврзани со надзор и регулаторни барања како и актуелни теми поврзани со европската ревизорска регулатива, CRSD и одржливост.





За време на овој настан, ИОРРСМ беше официјално примен како член на QAN мрежата, а Љубица Јоанидис беше избрана за член на Управниот одбор, што претставува значаен чекор за зголемување на видливоста и меѓународното позиционирање на ИОРРСМ како и можност за размена на релевантни искуства и знаења за унапредување на ревизорската професија во национални рамки.

На 11 мај 2026 година, членот на Управниот одбор на ИОРРСМ Марјонка Николовска, присуствуваше на Конференција со наслов *Empowering Internal Audit организирана од страна на IIA Albania во Тирана Албанија.* Настанот имаше цел да ја зајакне регионалната соработка, да ги поврзе професионалците и меѓународни експерти од повеќе земји учесници за размена на најдобри пракси и искуства.

На 25.05.2026 година, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и Љубица Јоанидис, член на Управниот одбор на ИОРРСМ и координатор за соработка со професионални тела и образовни институции на покана на Society of Certified Accountants and Auditors of Kosovo (SCAAK) присуствуваа на Меѓународна Конференција со наслов *From Foundation to Transformation* во Приштина, Косово. На настанот се одржа панел дискусија каде што присуствуваа претставници од државните и меѓународните институции како и бизнис заедницата. Оваа Конференција беше одржана за да се одбележи 25 годишнината на (SCAAK).






На 26.05.2026 година, во просториите на ИОРРСМ, беше снимено интервју со претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски за поткастот *FinSight* со водителката Наташа Мерсовска во врска со состојбата и предизвиците на ревизорската професија. Интервјуто е објавено на порталот bankarstvo.mk.

На 28.05.2026 година, преку видео конференциска врска генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, присуствуваше на 2026 Chief Executive's Forum во организација на IFAC. На настанот беа дискутирани различни теми, а посебен акцент беше даден на темите за атрактивноста на ревизорската професија, како да се привлечат, развијат и задржат талентираните поединци на сметководствената и ревизорската професија. На состанокот присутните имаа можност да слушнат искуства споделени од членовите на IFAC's Young Leaders Collective кои што ја претставија PACT Framework, што претставува практичен ресурс создаден да им помогне на професионалните сметководствени организации (PAOs) да ја зајакнат соработката со помладите професионалци од професијата.

На 02.06.2026 година, од страна на ИОРРСМ до сите овластени ревизори, членови на ИОРРСМ беше испратена покана со линк за приклучување на вебинар за одбележување на UN MSME Day 2026: *Strengthening SME Access to Finance in Turbulent Times: Building Resilient Ecosystems* на покана на Centre For Financial Reporting Reform (CFRR) во соработка со IFAC, кој што се одржа на 26.06.2026 година.

На 18.06.2026 година претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска присуствуваа на виртуелна информативна сесија за членките на IFAC во врска со Светскиот Конгрес на Сметководители 2026 (*WCOA 2026)*, Сеул, Јужна Кореа, планиран за ноември 2026 година. На состанокот присуствуваше Adrian Lim (Global Head, Member Engagement and Experience). Присустните беа информирани дека согласно новите промени во начинот на одржување на настанот, присуството ќе биде исклучиво по покана и на настанот со физично присуство ќе учествуваат претставници на раководството на организациите членки на IFAC, релевантните тела за усвојување на стандардите во локалното законодавство, компании за професионални услуги, регулаторни и други владини претставници, како и бизнис секторот. Само избрани делови на конференцијата ќе бидат овозможени за следење преку стриминг за да може заинтересираните членови на јавноста да ги следат и да учествуваат во дискусијата.

На 18.06.2026 година, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, присуствуваше на он-лајн настан со наслов *The Modern Professional Body Strategy Masterclass 2026*, во организација на The Modern Professional Body (TMPB). Овој настан беше фокусиран на разгледување на можности за зајакнување на стратешките капацитети на професионалните тела за нивен придонес кон економскиот развој на своите држави. По состанокот беше предвидено сите учесници да достават свои предлози за дискусија на следниот состанок и области каде што им е потребна поддршка. Презентери на настанот беа Harry McAdoo, извршен дисректор на TMPB, Yuri Dolize член на одборот на директори на SARAS (Грузија), Paul Thompson, претседавач на жири на BARTA, поранешен технички директор на (EFAA) и Vernov Soare, оперативен директор на (ICAEW).

На 19 јуни, претседателот на ИОРРСМ Ненад Тортевски и генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, одржаа состанок со Nataliia Vovchuk, претставник на AICPA/CIMA, за разгледување на можности за идна соработка. Притоа се идентификуваа полиња за натамошна соработка: разгледување на можност за AICPA акредитација на испитот кој што го спроведува ИОРРСМ, овозможување на повластена цена за членовите

на ИОРРСМ за добивање AICPA/CIMA сертификат, разгледување на можност за акредитација за добивање статус на официјален обучувач за CIMA квалификација.

На 23.06.2026 година, генералниот секретар на ИОРРСМ Татјана Тодоровска, на покана на IFAC, преку видео-конференциска врска како набљудувач го проследи специјалниот состанок на Управниот одбор на IFAC.

Во периодот од 22-26 јуни 2026 година, контролорите на квалитет на ИОРРСМ Бранка Стојановска и Марија Божиновски присуствуваа на он-лајн настан за техничка обука наменета на контролори на квалитет во организација на CFRR/World Bank кој што беше одржан во Виена, Австрија. Целта и програмата на овој проект беше обезбедување на практична техничка поддршка и споделување на искуствата, како и увид во поставеноста на системот за контрола на квалитет на контролорите на квалитет од страна на телото за јавен надзор над ревизијата на Република Полска.

Во рамки на овој извештаен период, стручната служба на ИОРРСМ спроведе интензивни подготвителни активности во врска со организација за одбележување на Јубилејот - 20 години од основањето на ИОРРСМ, како и активности за организирање на Годишна меѓународна конференција за ревизија која што ќе се одржи на 15 и 16 септември во хотел Метропол, Охрид во соработка со ЗВРСМ.

## КПУ НАСТАНИ АПРИЛ – ЈУНИ 2026




На 29 април 2026 година, беше спроведен заеднички настан за Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластени ревизори и внатрешни ревизори со наслов *AI & Cyber risk Нови закани. Нови решенија*. во организација на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) и Здружението на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ). Настанот беше спроведен како хибриден настан со физичко присуство во просториите на Едукативен центар М6, и он-лајн присуство преку стриминг за кој што се признаваа 6 КПУ часови. Темите на настанот беа *Ризици во сајбер безбедноста и нивна превенција и управување со AI ризици. Предавачи на настанот беа: Даниел Јордановски и Сашо Мицков.*

На 15 и 16 јуни 2026 година, Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ) спроведе настани за Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластени ревизори, со физичко присуство во Рагуза 360°, Скопје, за што се признаваа 7 КПУ часа за настанот на 15 јуни и 8 КПУ часови за настанот на 16 јуни. Предавачи на двата настани беа Благица Шорева од Друштво за ревизија КПМГ Ревизија ДОО Скопје и Александра Кузмановска од Друштво за ревизорски услуги ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Главна тема на настанот на 15 јуни беше осврт на промените во Меѓународните стандарди за ревизија и други релевантни објави на IFAC, од објавените во 2024 година (издание 2022) и очекуваните измени во 2026 (издание 2025) што опфати: Меѓународен стандард за уверување поврзано со одржливост (ISSA 5000), МСР за некомплексни ентитети, Измени во стандардите МСР 570 (ревидиран), Континуитет и МСР 240, Одговорности на ревизорот во однос на измама во ревизијата на финансиските извештаи.







На настанот на 16 јуни беше даден осврт на промените во циркуларните писма поврзани со Меѓународните стандарди за ревизија и други релевантни објави на IFAC и осврт на МСФИ за МСЕ при што беа опфатени Циркуларните писма: Циркуларно писмо број 1 (ревидирано во март 2026) - Законски барања за содржината на извештајот на овластениот ревизор вклучително давање мислење за конзистентност на годишниот извештај на работење со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи согласно Закон за ревизија, Циркуларно писмо број 2 (ревидирано во март 2026) - Унифицирање на повикувањето на рамката за финансиско известување во извештајот на овластениот ревизор при вршење на законски ревизии, Циркуларно писмо број 8 - Ротација на овластените ревизори согласно барањата на целокупната регулатива во државата (Закон за ревизија, Закон за банки, Закон за супервизија во осигурувањето итн..), како и барањата на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители, Циркуларно писмо број 9 - Повикување на Меѓународните стандарди за ревизија во параграфот за Основата за мислење.

## 2. Активности на телата на ИОРРСМ

### а) Собрание

37-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) беше закажана на 27.03.2026 година. Бидејќи не беше одезбеден потребниот кворум за работа на Собранието, согласно член 22 од Статутот на ИОРРСМ, истата беше презакажана и се одржа на 02.04.2026 година.

На 37-та седница на Собранието на ИОРРСМ беа донесени/усвоени следните:

- Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2025 година.
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2025 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2025 година.

### б) Управен одбор

Управниот одбор ги одржа 275-та, 276-та, 277-та, 278-та, 279-та и 280-та седница на кои што ги усвои/одобри следните:

- Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2026 година.
- Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2026 година.

- Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2026-2028 година.
- Финансиски план на ИОРРСМ за 2026 година.
- Оперативен план на ИОРРСМ за 2026 година во рамки на Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2026 година.
- Одлуки за одобрување на Препораки за зачленување во ИОРРСМ на овластени ревизори: Ивана Денковска, Христина Ѓорѓиевска, Владимир Аврамоски.
- Одлука за поведување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ.
- Предлог на Комисијата за стандарди за ревизија за ажурирање на преводот на Меѓународните објави за управување со квалитет, ревизија, проверка, други ангажмани на уверување и поврзани услуги.
- Одлука за одобрување на Препорака за зачленување на Трговец поединец за ревизија, Данче Благоја Зографска ЕЛИТ РЕВИЗИЈА ТП Скопје.
- Извештај за работата на Управниот одбор за доставување до Надзорниот одбор согласно член 26 став (7) точка 4) од Статутот на ИОРРСМ.

Управниот одбор ги разгледа: Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 31.12.2025 година и Квартален извештај за спроведување на контроли на квалитет со состојба на 31.03.2026 година за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување, Извештајот за испитот од вонредна испитна сесија - март 2026 година усвоен од страна на Комисијата за спроведување на испитот. Управниот одбор го разгледа Извештајот за спроведување КПУ во 2025 година, доставен од Комисијата за образование обука и публикации.

Управниот одбор разгледуваше предлози, барања и информации доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

### в) Надзорен одбор

Надзорниот одбор на ИОРРСМ ја одржа 50-та седница на која што беше подготвено барање на понуда за избор на ревизор на финансиските извештаи на ИОРРСМ, за периодот 2026-2028 година.

Надзорниот одбор разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## г) Комисија за образование, обука и публикации

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Го одобри Билтенот на ИОРРСМ за јануари - март 2026 година.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство.
- Извршуваше подготвителни активности за спроведување на КПУ заклучно со 30 јуни 2026 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## д) Комисија за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор:

- Го разгледа Извештајот за резултатите од спроведување на испитот во вонредна испитна сесија - март 2026 година, доставен од координаторот проф. д-р. Марина Трпеска и ги утврди на резултатите од вонредна испитна сесија - март 2026 година.

- Усвои Извештај за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во вонредна испитна сесија - март 2026 година.
- Комисијата извршуваше подготвителни активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитна сесија – јуни/јули 2026 година. На 01 и 03 јули 2026 година, беше спроведено полагањето на испитот за стекнување звање ревизор.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, како и актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## ѓ) Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледуваше барања за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препораки за зачленување на нови овластени ревизори.
- Разгледуваше барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство, за натамошно постапување.
- Разгледуваше барање за зачленување во ИОРРСМ и усвои Препорака за зачленување во ИОРРСМ на овластен ревизор – трговец поединец.
- Разгледуваше доставени документи за периодична контрола и усвои Извештај за периодична контрола на документацијата за 2025 година, прегледана од Комисијата за регистрација во 2026 година.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## е) Комисија за контрола на квалитетот

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги:

- Усвои Квартален извештај за спроведени контроли за известување до СУНРРСМ со состојба на 31.12.2025 година.
- Усвои Квартален извештај за спроведени контроли за известување до СУНРРСМ со состојба на 31.03.2026 година.
- Подготви информација за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои не била извршена контрола на квалитет во период подолг од три години.
- Усвои Предлог Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2026 година.
- Усвои Предлог Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2026-2028 година.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања, извршуваше активности поврзани со спроведување на Годишниот план за контрола на квалитет за 2025/2026 година и разгледуваше други прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот. Контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2025/2026 година.

## ж) Комисија за стандарди за ревизија

Комисијата за стандарди за ревизија:

- Го разгледа и изврши проверка на ажурираниот превод на Меѓународниот Кодекс за етика објавен од IFAC, од англиски на македонски јазик, доставен од страна на преведувачкиот тим за негово финализирање.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## з) Дисциплинската комисија во периодот април – јуни 2026 година:

Дисциплинската комисија во периодот април-јуни 2026 година спроведе активности во дисциплинска постапка врз основа на Одлука за поведување на дисциплинска постапка на Управниот одбор против овластен ревизор заради повреда на член 28 од Законот за ревизија и други релевантни акти на ИОРРСМ.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

## 3. Судски постапки

### I. Управни спорови

Во рамки на извештајниот период април - јуни 2026 година, по однос на управните спорови по тужбите од овластен ревизор Стојанчо Коцев и овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов – Струмица, кои што се во жалбена постапка од 2024 година, сеуште нема исход.